# Група 1а: Што треба да знаат учесниците во Програмата NDIS сместени во домови за лица со онеспособеност за вакцините против вирусот КОВИД-19

Австралиската програма за вакцинирање против вирусот КОВИД-19 почна. Луѓето сместени во домови за лица со онеспособеност спаѓаат во групата 1а и тие се првата група Австралијци кои може да ја примат вакцината.

Овој информативен лист е заснован на информации добиени од Австралискиот сојузен оддел за здравство (Department of Health). Листот содржи информации за програмата за вакцинирање и објаснува како треба вашиот давател на услуги да се подготви за програмата. Листот исто така содржи врски до информативни материјали во врска со вакцината.

## Клучни работи

- Луѓето сместени во домови за лица со онеспособеност спаѓаат во првата група Австралијци кои може да ја примат вакцината.
- Важно е да сфатите што претставува вакцината против КОВИД-19 и за што служи, како и тоа какви опасности и користи може да произлезат од вакцината.
- Вашиот давател на услуги треба да разговара со вас за програмата за вакцинирање и да почне да планира во врска со тоа.
- Одделот за здравство изработи Интернет страница која содржи информации за луѓето со онеспособеност во врска со вакцините против КОВИД-19, како и низа разновидни информативни материјали за вакцините против КОВИД-19, вклучувајќи и информации напишани во форма што е лесна за читање (Easy Read) и на јазикот на глувите Auslan.

## Што претставува вакцината против КОВИД-19?

Вакцината против КОВИД-19 е начин да се заштитат луѓето со онеспособеност, работниците и пошироката заедница.

Ги поттикнуваме сите Австралијци да се вакцинираат против вирусот КОВИД-19 ама, во оваа фаза, вакцинирањето е на доброволна основа. Тоа значи дека вие одлучувате дали ќе се вакцинирате или не.

Луѓето сместени во домови за лица со онеспособеност спаѓаат во првата група Австралијци на кои ќе им биде понудено да се вакцинираат.

**Согласност за вакцинирање**

Пред да се согласите да се вакцинирате, важно е да сфатите:

- што претставува вакцината против КОВИД-19 и за што служи
- каква е користа од вакцината
- какви се опасностите од вакцината.

Разговарајте со вашето семејство за вакцината и за тоа дали би сакале да ја примите.

Ако имате какви и да било прашања, може да разговарате со вашиот лекар за вакцината и за тоа дали таа е погодна за вас. Можеби ќе сакате со вас да биде некој член на вашето семејство, вашиот негувател или старател кога ќе разговарате со лекарот.

Кажете му на вашиот давател на услуги ако треба да ви помогнат да договорите средба со вашиот лекар за да разговарате за вакцината.

**Што ако не сакам да се вакцинирам?**

Ако одберете воопшто да не ја примите вакцината против КОВИД-19, или ако барем засега не сакате да ја примите, вашиот давател на услуги и неговите вработени треба да продолжат да ви даваат поддршка со услугите што ви се потребни. Тие треба да продолжат да користат безбедни начини на работење (како што се миење раце, носење заштитна опрема ако е потребно, и почитување на барањата за држење растојание од човек до човек) за да ја сведат на најмала можна мера опасноста вие да се заразите со вирусот.

Може да поднесете поплака до Комисијата на Програмата NDIS ако вашиот давател на услуги или некој негов вработен престане да ви ги дава поддршките затоа што не сакате да ја примите вакцината.

**Може ли да побарам од работниците што ми даваат поддршка да се вакцинираат?**

Имате право да одберете кој ќе ви дава поддршка. Тоа значи дека може да побарате од вашиот давател на услуги неговите работници што ви даваат поддршка да бидат вакцинирани, ако го сакате тоа.

Ако сакате да добивате поддршка само од работници што се вакцинирани, ама работникот што обично ви дава поддршка не сака да ја прими вакцината, може да очекувате од вашиот давател на услуги, во соработка со вас, да ви најде друг соодветен работник што ќе ви дава поддршка.

Или пак  може да побарате сите работници што не се вакцинирале да преземат други мерки за да осигурат дека опасноста од зараза ќе остане мала.

## Како треба вашиот давател на услуги да се подготви за вакцинирањето

Од вашиот давател на услуги може да очекувате:

- **да ги користи начините на комуникација што вие ги претпочитате** за да разговара со вас за програмата за вакцинирање
- да ве поттикне **да разговарате со вашето семејство** за тоа дали сакате да ја примите вакцината
- да ви помогне **да ги добиете одговорите на сите прашања што ги имате во врска со вакцината** за да сфатите што претставува вакцината и кои се користите и опасностите од примањето на вакцината пред да се согласите да се вакцинирате
- да ви помогне **да разберете како се постапува за да се намали опасноста од заразување со КОВИД-19** за да ви помогне да одлучите дали ќе се вакцинирате или не

- да соработува со вас за да можете **да разберете дали ќе ви треба некаква поддршка на денот на вакцинирањето** (на пример, дали сакате покрај себе да имате лице за поддршка кога ќе ја примате вакцината)
- да почне **да планира каде ќе се врши вакцинирањето** и каде ќе чекате додека да се вакцинирате
- да знае **како ќе го одржува безбедниот начин на работење за заштита од КОВИД-19** на денот на вакцинирањето, вклучувајќи држење растојание, миење на рацете и чистење.

## Информативни материјали за вакцината против КОВИД-19

Одделот за здравство изработи Интернет страница со Информации за вакцините против КОВИД-19 за луѓето со онеспособеност каде што се опфатени многу прашања што можеби ги имате за вакцините, вклучувајќи го и тоа кога и каде ќе можат тие да се добијат. Информациите на таа Интернет страница редовно се обновуваат.

Местото на Интернет на Одделот за здравство исто така објави информативни материјали (вклучувајќи и материјали во форма лесна за читање - Easy Read, и материјали на јазикот на глувите Auslan) за вакцините. Тие информативни материјали објаснуваат што претставуваат вакцините, како да се подготвите за вакцинирање и што да очекувате откако ќе се вакцинирате.

- Информации за вакцината против КОВИД-19 на компанијата Pfizer (Comirnaty)
- Подготвување за вакцинирање против КОВИД-19
- Откако ќе се вакцинирате против КОВИД-19
- Водич за донесување одлука во врска со вакцинирањето против КОВИД-19 за бремени жени, доилки или жени кои планираат да забременат
- Поддршка за луѓето со умствени или развојни онеспособености да имаат пристап до здравствена нега во текот на пандемијата на вирусот КОВИД-19
- Информации за вакцините против КОВИД-19 за Абориџини и луѓе што потекнуваат од островите во Торесовиот Теснец
- Формулар за согласност за вакцинирање против КОВИД-19
- Информации за вакцинирањето на други јазици

**Материјали во форма лесна за читање (Easy Read)**

- Вакцина против КОВИД-19 – Општ преглед
- Што претставува вакцината против КОВИД-19? Дали е безбедна?
- Кој ќе ја прими вакцината?
- Каде може да ја примите вакцината?
- Вакцината на компанијата Pfizer
- Како да се подготвите за вакцинирањето
- Што да очекувате кога ќе се вакцинирате
- Давање согласност
- Откако ќе се вакцинирате
- Други информации

**Видео материјали на јазикот на глувите Auslan**

- За вакцинирањето против КОВИД-19 во Австралија
- Како дејствуваат вакцините против КОВИД-19
- Фази на вакцинирањето против КОВИД-19 на ниво на цела Австралија
- Одобрување за користење на вакцината против КОВИД-19
- Како се прават вакцините

## Служба Disability Gateway

Може да ја користите службата Disability Gateway за информации и упати во врска со КОВИД-19. Таа исто така може да им помогне и на членовите на вашето семејство и на вашите негуватели и работници за поддршка.

Службата Disability Gateway е бесплатна, доверлива и дава сигурни и точни информации.

Со службата Disability Gateway може да стапите во контакт:

- По телефон (бесплатен повик): 1800 643 787
- Ако сте глуви или наглуви или ако имате тешкотии со говорот, може да се јавите во Националната служба за поврзување (National Relay Service) на 133 677
- За поддршка на други јазици, користете ја бесплатната Преведувачка служба (TIS National) така што ќе телефонирате
    - во службата Disability Gateway на 1800 643 787 и ќе побарате преведувач, или
    - во Преведувачката служба TIS на 131 450 и ќе побарате да ве поврзат со службата Disability Gateway на 1800 643 787.

Службата Disability Gateway работи од понеделник до петок, од 8 часот претпладне до 8 часот попладне (според Австралиското источно стандардно време - AEST). Службата не работи во деновите на државни празници.

Кога ќе се јавите во службата Disability Gateway, ќе разговарате со лице кое:

- Внимателно ќе ве ислуша.
- Ќе ги искористи своите врски за да ги дознае работите, да ги провери фактите и да ги најде информациите што ви се потребни.
- Ќе ве префрли кај служби кои можат да ви помогнат.
- Ќе ве префрли кај советник по телефон за душевна поддршка, ако вие го сакате тоа.
- Ќе ви даде јасни и достапни информации.

## Како да стапите во контакт со нас

**Телефон:** 1800 035 544 (бесплатен повик од фиксни телефони). Нашиот контактен центар е отворен од 9 часот претпладне до 4.30 часот попладне во Северната Територија и од 9.00 часот претпладне до 5.00 часот попладне во сите други држави и територии, од понеделник до петок, со исклучок на државните празници.

**Електронска пошта:** contactcentre@ndiscommission.gov.au

**Место на интернет:** www.ndiscommission.gov.au